СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ИНДЕКС НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ ОД РЕГИОНОТ ЗА 2023 ГОДИНА

**- кратка информација -**

***Скопје, јануари 2024***

Предмет на оваа кратка информација е индексот на родова еднаквост во Албанија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

Во последниве години, светот беше погоден од повеќекратни кризи и шокови. Пандемијата со ковид-19 поттикна глобална криза во здравството, а руско-украинскиот конфликт предизвика прилив на бегалци, главно жени и деца, како и зголемување на трошоците за живот, додека климатските промени предизвикуваат зголемување на катастрофи од ваков вид во смисла на зачестеност и сериозност.

Она што не се менува е фактот дека во услови на криза, жените и девојките се погодени несразмерно. Тие се соочени со нееднаква положба во општеството и на тој начин имаат помалку ресурси да го издржат влијанието на овие промени. Кризите и шоковите континуирано претставуваат закана и создаваат нови предизвици во смисла на промена на напредокот за кој биле потребни години да се постигне во однос на правата на жените и родовата еднаквост[1].

Индексот за родова еднаквост за 2023 година го претставува односот на ЕУ и останатите земји во врска со родовата еднаквост во услови на кризи и неизвесности. За прв пат индексот на родова еднаквост вклучува и податоци од истражувањето на EIGE 2022 за родовите јазови во грижата и нега, како и индивидуални и општествени активности. Овие податоци даваат ново светло на доменот на времето, категорија за којашто не е известувано од 2016 година. Временскиот домен ги мери родовите нееднаквости во распределбата на времето потрошено на грижа, домашна работа и социјални активности и се карактеризира со постојан недостаток на напредок и растечка нееднаквост. Нееднаквата распределба на платената и неплатената работа се смета за еден од корените и причините за родовата нееднаквост во општеството како целина а особено на пазарот на трудот. Како резултат, временскиот домен е тесно меѓусебно поврзан со други домени, како што се работа, знаење, моќ и пари, како и потребата за подобро разбирање и толкување на севкупната родова (не)еднаквост мерена со Индексот[2].

Глобалниот индекс на родовиот јаз ги мери националните родови јазови според економски, политички, образовни и здравствени критериуми. Во 2023 година,

[1] Gender Equality Index 2023. Towards a green transition in transport and energy. https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%202023.pdf (Пристапено на: 9.1.2024).

[2] Ibid.

земјата која нуди најмногу услови за родова еднаквост е Исланд со резултат од 0,91. Севкупно, нордиските земји сочинуваат четири од петте најродово еднакви земји во светот. Нордиските земји се познати по нивните високи нивоа на родова еднаквост, вклучувајќи високи стапки на вработеност кај жените и рамномерно поделено родителско отсуство.

Авганистан е најмалку родово-еднаква земја заземајќи го другиот крај од скалата, рангиран како најмалку родова еднаква земја во светот. Условите за девојчињата и жените значително се намалија откако талибанците ја вратија власта во 2021 година. Оттогаш, владата го ограничи пристапот до образование за сите жени над 12 години, а на жените им беше забрането да работат за меѓународните хуманитарни организации во земја, која се бори со сиромаштија и глад. Блискиот Исток и Северна Африка се соочуваат со најголем родов јаз, односно родова (не)еднаквост. Набљудувајќи ги различните светски региони, Блискиот Исток и Северна Африка имаат најголем родов јаз од 2023 година, веднаш пред Јужна Азија. Освен тоа, се проценува дека ќе бидат потребни уште 152 години пред да се затвори родовиот јаз на Блискиот Исток и Северна Африка. Од друга страна, Европа има најмал родов јаз во светот[3].

Што се однесува на глобалниот индекс на родова еднаквост за земјите од регионот за 2023 година податоците се следни: Албанија е на 17 место со 0,79 индексни поени; Србија на 38 место со 0,76 поени, Хрватска на 55-то место со 0,73 поени; Црна Гора на 69 место со 0,71 поени; Северна Македонија на 73 место со 0,71 поени, Босна и Херцеговина на 86 место со 0,69 поени[4].

Од Индексот на родова еднаквост за 2023 година може да се забележи дека од земјите од регионот Албанија го зазема првото место, Србија е на второ место, трета е Хрватска, Црна Гора на четврто место, Северна Македонија е петта и Босна и Херцеговина на последно, шесто место.

Глобалниот индекс на родова еднаквост за 2023 година на светско ниво




Слика 1

---

[3] The global gender gap index 2023. https://www.statista.com/statistics/244387/the-global-gender-gap-index/#:~:text=The%20global%20gender%20gap%20index%20benchmarks%20national%20gender%20gaps%20on,equal%20countries%20in%20the%20world. Пристапено на: 09.01.2024

[4] Gender Equality Index 2023. https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%202023.pdf




Слика 2

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Gender Equality Index 2023. Towards a green transition in transport and energy. https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%202023.pdf
2. The global gender gap index 2023. https://www.statista.com/statistics/244387/the-global-gender-gap-index/#:~:text=The%20global%20gender%20gap%20index%20benchmarks%20national%20gender%20gaps%20on,equal%20countries%20in%20the%20world.
3. Gender Equality Index 2023. https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%202023.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384